# Рута 1 ,,Exploring Kichevo”
# (Добреноец – Кнежино – Крушино – Добреноец)

Оваа тура е наменета за сите авантуристи кои сакаат да искусат вистинско адреналинско ,,off road” задоволство и од друг агол да ги истражат најпознатите излетнички места во Кичево. Возејќи по живописни патеки се искачуваме на надморска висина од над 1000м до селото Кнежино и Кнежинскиот манастир, потоа нашата авантура продолжува кон нашата следна дестинација спортско рекреативниот центар Крушино и повторно не очекува извонредна патека низ борова шума по која се спуштаме кон нашата почетна точка попатно уживајќи во прекрасниот поглед на планинскиот масив кој се протега пред нас и течението на реката Треска.




**Должина на рута:** 20 км

**Времетраење на рута :** 1:30 до 2:00 часа (со вклучена пауза)

**Надморска висина :** почетна 657м - највисока 1180м

**Терен :** асфалт 3,5км - земја 16,5 км

Општи возачки способности ★★★★★

Тежина на рута: ★★

**Турата вклучува:**

-придружба на обучен водич

-безалкохолни пијалоци

-кациги како задолжителна заштитна опрема

-кратка обука за управување со возилото

**Цена на тура:**

**40 евра (2480 мкд) за 1 лице на возило**

**50 евра (3100 мкд) за 2 лица на возило**

## Рута 2 ,,Feel the mountain”

**(Добреноец –Речиште(Бистра) - Кнежино – Крушино – Добреноец)**

Доколку поседувате авантуристички дух а во исто време сте жедни за повеќе ,,off road” километри исполнети со адреналин и уживање, оваа рута како надополнување на Рута 1 е наменета токму за вас. Најпрво започнуваме со интензивно искачување кон планината Бистра до месноста викана ,,Речиште” на надморска висина од 1464м, се релаксираме во прекрасни пејзажи и чист планински воздух. Потоа се спуштаме кон селото Кнежино и нашето возење продолжува до Кнежинскиот манастир и спортско рекреативниот центар Крушино каде преку прекрасните патеки низ борова шума се спуштаме до нашата крајна дестинација.




**Должина на рута:** 35 км

**Времетраење на рута :** 2:30 до 3:00 часа (со вклучена пауза)

**Надморска висина :** почетна 657м - највисока 1464м

**Терен :** асфалт 3,5км - земја 31,5 км

Општи возачки способности ★★★★★

Тежина на рута: ★★★

**Турата вклучува:**

-придружба на обучен водич
-безалкохолни пијалоци
-кациги како задолжителна заштитна опрема
-кратка обука за управување со возилото

**Цена на тура:**

**70 евра (4340 мкд) за 1 лице на возило**

**85 евра (5270 мкд) за 2 лица на возило**

ATVA RESIDENCE HOTEL

# Рута 3 ,,Half day off road Bistra“

**(Добреноец – планина Бистра – Добреноец)**

Со оваа рута ја освојуваме ,,Бистра” и уживаме од нејзините врвови во прекрасните пејзажи, погледот кон Кичевската и Полошката котлина и ја запознаваме со сиот свој раскош, преку вистинско ,,off road,, адреналинско возење. Возиме по бескрајни зелени пасишта, се дружиме, фотографираме. Малите планински езерца оформени од топење на снегот кои се и наша дестинација и свежиот планински воздух ја дополнуваат во целост нашата авантуристичка приказна. Вљубеници во природата и адреналинско возење вие сте на потег.




**Должина на рута:** 55 км

**Времетраење на рута :** 4:00 до 4:30 часа (со вклучена пауза)

**Надморска висина :** почетна 657м - највисока 1837м

**Терен :** асфалт 1,0км - земја 54,0 км

Општи возачки способности ★★★★★

Тежина на рута: ★★★★

**Турата вклучува:**

-придружба на обучен водич

-безалкохолни пијалоци

-кациги како задолжителна заштитна опрема

-кратка обука за управување со возилото

**Цена на тура:**

**110 евра (6820 мкд) за 1 лице на возило**

**130 евра (8060 мкд) за 2 лица на возило**

## Рута 4 ,,Full day off road Bistra“

**(Добреноец – с. Извор – Бошков мост - с.Лазарополе - Национален Парк Маврово - планина Бистра – Добреноец)**

Доколку сте за ден исполнет за забава, незаборавна дружба и се разбира многу адреналин и авантура кој ви го овозможува секој километар ,,off road” возење, оваа тура е токму за Вас. Брзо по стартот пристигнуваме во селото Извор каде ги посетуваме изворите на реката Треска, за потоа да започнеме со вистинско возење по густите шумски патеки и преку ,,Јама” се спуштаме на месноста викана ,,Бошков мост”. Прекрасна природа и беспрекорно уживање е карактеристиката за овој дел од нашето патување. Потоа наша следна дестинација е надалеку познатото село Лазарополе со сиот свој раскош како наш домаќин за нашата пауза за ручек. Од тука нашата авантура продолжува со возење по Националниот Парк Маврово и ги освојуваме највисоките точки на нашето патување на планината Бистра, уживаме во недеопрената природа, опкружени со неверојатен поглед од сите страни, ги правиме најдобрите фотографии, се забавуваме, за потоа да започнеме да се спуштаме кон селото Кнежино и нашата крајна а воедно и почетна точка.




**Должина на рута:** 85 км

**Времетраење на рута :** 7:00 до 7:30 часа (со вклучена пауза)

**Надморска висина :** почетна 657м - највисока 1880м

**Терен :** асфалт 17,0км - земја 68,0 км

Општи возачки способности ★★★★★

Тежина на рута ★★★★★

**Турата вклучува:**

-придружба на обучен водич
-безалкохолни пијалоци
-кациги како задолжителна заштитна опрема
-кратка обука за управување со возилото
-вклучен ручек во с.Лазарополе

**Цена на тура:**

**170 евра (10540 мкд) за 1 лице на возило**

**195 евра (12090 мкд) за 2 лица на возило**

## Рута 5 ,,Combo weekend - two day off road Bistra“

**(Добреноец – с. Извор – Бошков мост – с.Гари - с.Лазарополе – с.Тресонче – с.Селце – с.Галичник – Ски Центар Маврово (Старо Бачило) - Национален Парк Маврово - планина Бистра – Добреноец)**

Добредојдовте на вашата највозбудлива викенд авантура! Хедонисти, авантуристи, зависници од многу адреналинско возење и вистински вљубеници на бескрајните излети во природата, ние го имаме одговорот на сите ваши потреби со нашата ,,Combo weekend tour”. Два дена уникатна приказна, многу дружба, најдобри фотографии за спомен, чиста авантура. Нашата викенд приказна започнува во петок од 14 часот со сместување во Атва Резиденс Хотел, слободни активности и релаксација од 4 ѕвезди. Се запознаваме дружиме и вечераме во ,,Atva Kitchen & Bar” ресторанот во склоп на хотелот. Добро одморени и убаво наспани ја започнуваме нашата авантура после саботниот појадок. Тргнуваме и наша прва дестинација е селото Извор каде попатно ќе ги посетиме и изворите на реката Треска, потоа почнуваме да се искачуваме по густа шумска патека, моменти на адреналин, возбуда и чисто ,,off road” уживање. Се спуштаме и одиме во посета на селото Гари каде ја правиме нашата кафе пауза. По испиеното кафе, освежени и одморени продолжуваме преку месноста викана ,,Бошков мост” повторно да се искачуваме до прекрасното и опеано село Лазарополе, кое повторно е наш домаќин за саботен ручек. Одкако ќе го заситиме нашиот апетит со добра храна, почнуваме да се храниме со дополнителна доза на адреналин искачувајќи ги патеките до селото Тресонче па потоа и селото Селце. Беспрекорна природна убавина на секој наш извозен километар. Од тука во попладневните часови се искачуваме и пристигнуваме до нашата крајна дестинација за првиот ден, селото Галичник. По пристигнувањето се сместуваме во хотел, одмараме и повторно се дружиме и уживаме во Галичка вечера.

Недела стартуваме со доручек, па подготовка за уште еден ден авантура. Тргнуваме и наша прва дестинација возејќи по познатиот Галички пат се терените на Ски Центарот Маврово, пред нас се појавува Мавровското езеро, вгнездено меѓу високите врвови и зелени шуми, вистински рај за очи и душа, уживаме се фотографираме за потоа да се спуштиме по ски падините до добро познатото ,,Старо Бачило” на кратка кафе пауза, уживаме во прекрасните содржини кои ни ги пружа истото. Продолжуваме со возење, бескрајни зелени пасишта во хоризонтот пред нас, ги совладуваме километар по километар, уживаме и ги фотографираме сите убавини кои во изобилие ни ги нуди Националниот Парк Маврово и планината Бистра. По совладување на нашите предвидени височини се спуштаме кон селото Кнежино и градот Кичево. Пополека во попладневните часови доаѓаме до нашата

крајна а воедно и почетна точка, после неверојатни 125км авантуристичко и адреналинско возење, кеде секој километар е нова приказна, приказна која ќе ја запаметите засегогаш и која секогаш со задоволство ќе ја прераскажувате. Авантурата може да започне, пакувај го твојот ранец и нашата база е твојата дестинација за загарантирана и неповторлива забава. Со нетрпение ја очекуваме нашата дружба.... ATV Residence Adventure тим.

## МАПА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДВОДНЕВНА ТУРА




**Локациите обележани со црвена боја се возат првиот ден**
**Локациите обележани со жолта боја се возат вториот ден.**

**Должина на рута:** 125 км

**Времетраење на рута :** 2 дена (со вклучени паузи и 2 ноќевања)

**Надморска висина :** почетна 657м - највисока 1905м

**Терен :** асфалт 25,0км - земја 100,0 км

Општи возачки способности ★★★★★

Тежина на рута ★★★★★

**Турата вклучува:**

-придружба на обучен водич
-безалкохолни пијалоци во текот на патувањето
-кациги како задолжителна заштитна опрема
-кратка обука за управување со возилото
-2 ноќњевања на база полупансион
(1 ноќевање Atva Residence Hotel, 1 ноќевање с.Галичник)
-1 ручек во с. Лазарополе
-1 кафе пауза во с.Гари

**Цена на комплетната тура со ноќевања:**
**345 евра (21390 мкд) за 1 лице на возило**
**395 евра (24490 мкд) за 2 лица на возило**

ATVA RESIDENCE HOTEL

CFMOTO



# CFORCE 450L

2021 MODEL YEAR

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ (CF400AU-L)**

Тип Едноцилиндричен 4-такт, SOHC, 4 v./cil., Водено ладење
Волумен ccm 400
Напојување со гориво EFI Fuel Injection (BOSCH / GERMANY)
Моќ KS-вртежи 31 -7200
Вртежен момент Нм -о / мин 33 -6000
Стартер Електрик
Менувач CVT L-H-N-R-P (CV-Tech / КАНАДА)
Пренос на моќност 2WD / 4WD кардан предна и задна, диференцијална брава
Максимална брзина km / h 65
Гуми напред / назад AT24x8-12 / AT24x10-12
Предна суспензија Осцилирачки двојни раменици, прилагодување на амортизерите на нафта
Зацврстување на задното тркало Осцилирачки двојни раменици, прилагодување на амортизерите на маслото
Предни сопирачки Хидраулични дискови
Задни сопирачки Хидрауличен диск
Должина на возилото mm 2300
Ширина на возилото mm 1100
Висина на возилото mm 1350
Меѓуоскино растојание mm 1460
Волумен на резервоарот L 15
Сува тежина kg 360
Макс. тежина kg 510

BISTRA MOUNTAIN ATV RESIDENCE ADVENTURE

ATVA RESIDENCE HOTEL